**2011012248**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

Врз основа на член 72 став (3) од Царинскиот закон („Службен весник на Република Македонија” број 39/05, 4/08 , 48/10 и 158/10 ), министерот за финансии. донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА ПОПОЛНУВАЊЕ НА ЦАРИНСКАТА ДЕКЛАРАЦИЈА И КОДЕКСОТ НА ШИФРИ КОИ СЕ УПОТРЕБУВААТ

Член 1

Во Правилникот за начинот на пополнување на царинската декларација и кодексот на шифри кои се употребуваат („Службен весник на Република Македонија „ број 97/05, 147/08, 55/09, 141/09 и 62/10 ), во Прилог 2 Кодекс на шифри за пополнување на ЕЦД , во РУБРИКА 20 - УСЛОВИ ЗА ИСПОРАКА, во алинеја а) на крајот на табелата, по Инкотермс шифрата DDP,се додаваат две нови Инкотермс шифри DAT и DAP, кои гласат:

„

| | | |
|---|---|---|
| DAT | Испорачано на терминал, давачките не се платени - било кој транспорт | Назначено одредишно место-терминал (истоварено од превозно средство и ставено на располагање) |
| DAP | Испорачано на назначено место, давачките не се платени - било кој транспорт | Назначено одредишно место (спремно за истовар) |

”

Член 2

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 11-609 /1
27 јануари 2011 година
Скопје

Министер за финансии,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.